*Сергеј ЦВЕТКОВСКИ*

***УДК: 355.01/.02:005.44"19/20";***
***355.01./02:364.63"19/20"***
Прегледен труд

# НЕ ТОЛКУ НОВИ ВОЈНИ

***Кратка содржина:***

*Овој труд се фокусира на таканаречените „нови војни" што се појавија кон крајот на дваесеттиот век.Авторот врши обид непристрасно да ги аргументира критиките, но и одбраната на тврдењата дека се случиле квалитативни промени во природата на насилниот конфликт и дека сега е можно да се размислува во смисла на „нови војни" кои се различни на значајни начини од претходните форми на конфликт.Идејата доаѓа од два поврзани аспекти на овој општ предлог.Првиот се однесува на историскиот раскин помеѓу „стари" и „нови" војни и придружниот аргумент што ја поврзува појавата на „нови војни" со процесот на глобализација во доцниот дваесетти век.Вториот аспект се однесува на реалните карактеристики на „новите војни" и начинот на кој „тие се разликуваат од претходните војни во однос на нивните цели, методите на војување и како се финансираат". Во анализата се осврнуваме на пет компоненти на дебатата: разликата меѓу старите војни и „нови" војни;проблемот на дефинирање на војната;дали податоците ги поддржуваат тврдењата за нови војни; дали глобализацијата ги изнедри новите војни; и дали се новите војни „постклаузевицки". Притоа се сумирани аргументите за сомнежите во степенот до кој современите форми на организирано насилство одразуваат нови обрасци во однос на актерите, целите, просторот, човековото влијание, како и политичката економија и социјалната структура на конфликтот.Резултатите укажуваат дека сепак, опсесијата со „новоста" на војните ја промашува поентата за логиката на новите војни;она што е важно, е адресирањето на политичките елементи на новите војни. Истражувањето на одбраната на ставот за „новите војни" изнесува дека тие треба да се разберат не како емпириска категорија, туку како начин за разјаснување на логиката на современата војна што може да понуди и стратегија за истражување на таа категорија вооружени конфликти и водич за политика на нивно разрешување.*

***Клучни зборови:*** *нови војни, глобализација, насилство, концепт, критики*

**Концепт за нови војни**

Војната во дваесет и првиот век доби сосема нов карактер.Државата, која некогаш беше семоќниот Левијатан, го изгуби својот монопол врз насилството, а ерозијата на монополот врз насилството од глобализацијата го трансформираше карактерот на војната. Глобализацијата, тој парадоксален процес на зголемена меѓусебна поврзаност, ја ескалираше глобалната меѓусебна поврзаност, соочувајќи се со збир предизвици на политички, економски, културни и воени аспекти на модерната држава (Калдор 2001, 3). Глобализацијата предизвика мноштво проблеми со поткопување на државниот суверенитет.Глобализацијата, која требаше да ја поттикне космополитската политика и соработка, на крајот создаде повеќе поделби. Заедно со глобализацијата, судирот на симетрични противници може да го уништи светот.Појавата на нуклеарно оружје ја промени традиционалната воена логика.Всушност, секоја војна според старата воена логика едноставно повеќе не е корисна.Војната меѓу нуклеарните сили нема да биде во корист за ниту една страна.Бидејќи трошоците за таква победа ги поништуваат придобивките што ги носи,избегнувањето директна војна им служи на политичките интереси подобро од водењето таква војна. Оваа промена во воената логика е очигледна од промената во тактиката на денешните војни. Улогата на глобализацијата во современото војување со право е забележана, особено во Источна Европа и Африка во текот на 1980-тите и 1990-тите, како клучен движечки фактор зад развојот на нов вид организирано насилство заради влијанието врз шаблонот на политиката и зголемувањето на терминот идентитетска политика од дезинтеграцијата на државниот систем кај државите (Калдор 2001, 70).

Една од насоките во размислувањето за промените во војувањето ги вклучува аргументите дека глобализацијата доведе до специфични форми на насилни конфликти означени како „нови војни" (Kaldor 1997). Според Калдор, терминот нови војни се користи за толкување на развојот на нов вид организирано насилство од глобализираната ера, особено во последните децении на 20 век во Источна Европа и Африка со цел да се конципираат објаснувањата на контекстите на бинарни разлики помеѓу државата и недржавното, јавното и приватното, надворешното и внатрешното, економското и политичкото и меѓу војната и мирот, што е и причина за и последица од насилството. Идејата дека организираното насилство во дваесет и првиот век е различно од војните во дваесеттиот век е широко дебатирано и во научната и во политичката литература. Други термини што се користат за концептот вклучуваат „војни меѓу луѓето", „војни од трет вид", „хибридни војни" (Френк Хофаман)[1], „приватизирани војни",

[1]Иако, во согласност со обидите за дефинирање на хибридни војни, карактеристиките на хибридните војни потполно не се поклопуваат со карактеристиките на „новите војни". Тука фокусот е ставен на автономните оружја и импровизираните

„мрежни војни" (Дафилд) и „постмодерни војни". Гледиштето на Калдор за „нови војни" е направено во контекст на поширокатa „теза за нови војни" меѓу академиците за тоа како правилно да се дефинира или означи очигледната револуција во војувањето во светот по Студената војна. Калдор тврди дека новите карактеристики на војната мора да се анализираат во контекст на глобализацијата. Сепак, Калдор признава дека „новите војни" не се навистина нови, со тоа што би немале преседан во историјата; но, таа и понатаму инсистира да се задржи терминот бидејќи сè уште има дефинитивна потреба од нови политички одговори на не така новите војни. Старите меѓународни стратегии не успеаја успешно да ги решат карактеристиките на новите војни и наместо тоа продолжуваат да ги третираат како старо конвенционално војување. Терминот е антоним на конвенционално војување затоа што конвенционалното воено оружје и тактиките на бојното поле повеќе не се користат меѓу две или повеќе држави во отворена конфронтација.

Главни елементи на тезата за „нови војни" се следните:

Новите војни се во, а не надвор од државите.

Новите војни се случуваат во контекст на неуспехот на државата и социјалната трансформација водена од глобализацијата и либералните економски сили. Додека старите војни беа поврзани со градење држава, новите војни се спротивни;тие имаат тенденција да придонесат за распаѓање на државата.

Во новите војни етничките и религиските разлики се поважни од политичката идеологија.

Во новите војни цивилните жртви значително се зголемуваат, пред сè поради тоа што намерно се цели кон цивилите.

Во новите војни пропаѓањето на државниот авторитет ја замаглува разликата меѓу јавните и приватните борци (Newman, 2004).

Според Калдор, новите војни се поврзани со активностите на недржавните актери во региони каде што државната моќ се распаднала заедно со појавата на воените економии. Во поширока смисла, станува збор за слабеење, а не за изградба на нова држава.

Нивната спротивност се „старите војни" кои се состојат во стремежот да се победи непријателот со ослабување на неговата воена сила преку насилство.Затоа, старите војни се карактеризираат со ангажман на редовни војски и битките меѓу нив.Војниците на страните во конфликтот се униформирани и препознатливи.Таму каде што „воената неопходност" дозволува, цивилните жртви се минимизирани. Во новите војни, традиционалната поделба на војни (насилство меѓу државите или организираните политички групи со политички мотиви), организиран криминал (насилство од приватни здруженија, обично за финансиска добивка) и голе-

---

експлозивни направи, односно на недостаток на контакт меѓу завојуваните страни. Променетите стратегии ќе се фокусираат на знаењето, а не на квантитет на војниците.

ми насилства за човекови права (насилства од држава или приватни групи против поединци, главно цивили) станува замаглена. Поделбата на стари и нови војни треба да ја докаже далекусежната трансформација на војната во глобализираната ера.Самата поделба, како што нагласуваат нејзините критичари, не дава задоволство бидејќи секогаш не е лесно да се направи разлика помеѓу двата вида конфликти.

Тезата за новите војни е критикувана од различни перспективи, но и покрај тоа истата е усвоена и адаптирана од други автори.[2] Така, Мартин Шо (Martin Shaw) го користи терминот „дегенерирано војување" за да опише како завојуваните го напаѓаат цивилното население на непријателот како дел од поширока воена кампања, како што е воздушното бомбардирање на градовите, но неговото уништување не е крајната цел: непријателот е државата, а не непријателското население (Moses and Heerten 2018, 27). Честопати, терминот „нова војна" се споредува и со „конфликт од низок интензитет", термин измислен од Армијата на САД, кој нашироко ги опфаќа сите модерни вооружени конфликти кои не го исполнуваат прагот или нивото на насилство кое е специфично за конвенционалните војни.

Други автори, исто така, се обидоа да ја карактеризираат промената во војувањето, но користејќи поинакви објаснувања. Препознавајќи го заматувањето помеѓу државните и недржавните актери и двојната спрега на меѓудржавниот и внатредржавниот конфликт, Френк Хофман (Frank Hoffman) ги прикажува модерните војни како „хибридни војни". Кај нив старите начини и средства на војување ќе останат во употреба, но најчесто тие ќе бидат придружени со нови, постмодерни (па, затоа и војните се нарекуваат хибридни). Оваа разновидност ќе бара специјализација меѓу земјите, како што е случајот со производството на разни стоки.Ниту една држава нема да може самостојно да ги совлада сите стратегии, техники и алатки на војување од нов тип.Затоа, сојузите стануваат сè поважни (вклучувајќи ад хок сојузи за извршување на посебна задача или постигнување на одредена цел), како и употребата на идејата за здружување и споделување и „паметна" одбрана.[3]

Разликите помеѓу старите и новите војни се во актерите, целите, методите и формите на финансии. Целта е да се добие пристап до државата за одредени групи (кои може да бидат и локални и транснационални), наместо да се спроведуваат одредени политики или програми од поширок јавен интерес. Целта на борците може да се сфати како борба помеѓу космополитски и ексклузивистички идентитетски групи, остварувајќи кон-

---

[2]Херфрид Мунклер (Herfried Münkler) од Германија, Мартин ван Кревелд (Martin van Creveld) од Израел, Мохамад Мирвеис Балхи (Mohammad Mirwais Balkhi) од Авганистан и Мохамед Махмуд Оулд Мохамеду (Mohamed Mahmoud Ould Mohamedou) од Мавританија.

[3]Ова се идеите, соодветно, на Европската Унија (во рамките на Европската агенција за одбрана) и на НАТО.

трола врз насилството за етничка доминација и/или за вршење етничко чистење. Старите војни се водеа за геополитички интереси или за идеологија (демократија или социјализам). Новите војни се водат во име на идентитетот (етнички, верски или племенски). Политиката на идентитетот има поинаква логика од геополитиката или идеологијата. Можеби најважно е што идентитетската политика се конструира преку војна. Така, политичката мобилизација околу идентитетот е цел на војната наместо инструмент за војна, како што беше случајот во „старите војни“. Способноста за мобилизација и околу ексклузивистички каузи и околу каузи за човекови права е забрзана од новите комуникации.Во однос на методите, новите војни се водат преку новите начини на војување преку герилски тактики и контрабунтовништво. Типична техника е преместување на населението – насилно отстранување на оние со различен идентитет или различни мислења. Насилството е главно насочено против цивилите како начин за контрола на територијата, а не против непријателските сили. Ваквото војување е специфично бидејќи се избегнуваат одлучни судири и територијата се контролира преку политички манипулации покажувајќи „страв и омраза“ а не „разум и чувства“. Не е за изненадување дека за оваа цел се изнајмуваат паравоени групи бидејќи тие шират страв и омраза помеѓу цивилите поефикасно од професионалните воени сили (Mueller, 2000). Со тоа се објаснува зголемниот степен на едностран масакар, споменат погоре. Паравоените банди се исто така популарни бидејќи тешко се следи линијата на одговорност за нивните акции до нарачателите, т.е. до политичките лидери. Ова е само една форма на приватизација на војната. Повлекувањето на државата што ја карактеризира ерата на глобализацијата, исто така овозможи развој на приватни средства за стекнување воена сила, вклучително и ширење на приватни воени фирми.Додека во развиениот свет воената приватизација може да се однесува на „договорно изведување“ на активности како што се логистика, снабдување и безбедност на базите, во земјите во развој може да значи договорно изведување на самата војна и може фундаментално да го ослабне монополот на државата врз насилството. Комуникациите се исто така сѐ повеќе алатка на војната, што го олеснува, на пример, ширењето страв и паника отколку во претходните периоди – оттука, спектакуларни акти на тероризам.

Според Калдор, последната карактеристика на новата војна е дека таа се финансира преку глобалната воена економија која е децентрализирана, меѓународна и во која завојуваните единици се самофинансираат преку црниот пазар или надворешна помош (Duffield, 2001). Старите војни во голема мера беа финансирани од државите (буџет за одбрана, односно оданочување или од надворешни покровители).Во слабите држави, даночните приходи опаѓаат, а новите форми на грабливо приватно финансирање вклучуваат плен и грабеж, „оданочување“ на хуманитарна помош, поддршка од дијаспората, киднапирање или шверц на нафта, дијаманти, дрога, луѓе итн. Додека старите воени економии обично беа централизи-

рани, автархични и го мобилизираа населението, новите војни се дел од отворена глобализирана децентрализирана економија во која учеството е ниско, а приходите зависат од континуирано насилство. Ваквите војни тешко се завршуваат бидејќи некои поединци присвојуваат значителни политички и економски придобивки од војувањето и не им е во интерес завршувањето на конфликтот (Keen, 2012). Понекогаш се тврди дека новите војни се мотивирани од економска добивка, но тешко е да се направи разлика помеѓу оние кои го користат покритието на политичкото насилство од економски причини и оние кои се вклучуваат во грабливи економски активности за да ја финансираат својата политичка кауза. Како резултат на тоа, 11-ти септември им овозможи на раководствата на доминантната елита без тешкотии да се фокусираат на расудувањето на населението и со тоа да го обликуваат светот врз кој влијаат.Еден од ефикасните методи за подобрување и зачувување на надмоќта и финансирањето на војувањето е да се држи обичниот граѓанин во постојан страв, а во поново време и од „тероризам и терористи“.На тој начин, јавноста ќе се согласи поголем дел од парите на даночните обврзници да се трошат за финансирање на постојаниот воен индустриски комплекс (Mutonyi 2020, 9005)[4]. Според Мулер (Mueller 2004, 115), „поголемиот дел од она што денес се смета за војна е централно карактеризирано со опортунистички и импровизаторски судир на бандити, а не со програмиран и/или исконски судир на цивилизации – иако многу од сторителите претпазливо применуваат етничка, национална или идеолошка реторика за да ги оправдаат своите активности, бидејќи нагласувањето на возбудата и профитот од грабежот би било политички некоректно“. Победата можеби и не е пожелна за повеќето завојувани страни, затоа што можеби поентата на војувањето е можеби токму легитимноста што таа ја овозможува за активности кои во мир би се санкционирале како криминал. Војната никогаш не функционира за ниту еден поединец или група, освен за воените претприемачи: богаташи кои пропагираат и влијааат на националистичкото и фашистичкото подбуцнување на војна низ целиот свет, остварувајќи профит од трилиони долари од смрт и уништување, додека го преувеличуваат својот патриотизам и ја инспирираат поддршката на граѓаните (Mutonyi 2020, 9009).

Калдор експлицитно ја наведува врска помеѓу глобализацијата и новите војни во однос на „кризата на идентитетот“ (2001, 75).За Калдор, значајна карактеристика на новите војни е дека борците се фокусираат на прашањето за идентитетот во кој таа видела како овие конфликти се негативни последици што се резултат на процесот на глобализација.Затоа, вниманието е привлечено кон терминот „идентитетска политика“.Ова може да биде затоа што глобализацијата влијае на појава на консолидации

[4]Во поткрепа на овој став ги наведуваме интервенциите на западните сили во Авганистан, Ирак, Сирија, на Русија во Сирија 2015, на Кениските одбранбени сили во Сомалија (2011–2012), како и мировниот ангажман на Уганда во Сомалија (уште од 2007).

на мрежи и на државни и недржавни актери надвор од конвенционалните компетенции на територијално дефинираните влади.Со други зборови, современите државни структури се распаѓаат заради мешањето на регионализацијата и транснационализацијата на управувањето на државната територија.Како резултат, се водат нови војни во име на идентитетската политика во која политичките елити ја репродуцираат својата моќ. Тие сепак, се обидуваат да постигнат политичка мобилизација околу идентитетот.Така, во контекст на овие нови војни во врска со идентитетската политика, различниот идентитет се користи како инструмент за контрола на населението во форма на етничко чистење на одредена област.Па така, повеќето конфликти се насочени против цивили.

Поинаква објаснета релација на проблемите предизвикани од глобализацијата за концептот на нови војни е ширењето на капитализмот. Идеите за капитализмот и слободниот пазар ги мотивираа оние актери кои видоа потенцијал за профит во војната.Овие актери основаа приватни фирми за обезбедување и беа достапни за оној што ќе понуди највисока понуда. Ваквите институции го поттикнаа концептот на војна со понатамошни сложености и легитимитетот на насилството дополнително го дегенерира.Овие случувања ја нагласија потребата од нова концептуализација на војната.За да се справи со овие сложености и да постави основа за идно истражување, Калдор ја дефинира војната како „заемен потфат“, а не како „натпревар на волји“.Причината илустрирана од Калдор е дека вториот го прави елиминирањето на непријателот крајна цел на војната, додека првиот сугерира дека обете страни се заинтересирани „за потфатот на војната, а не за победата и губењето како и за политичките и за економските цели“.„Новите војни се извори на пазарот за нови оружја и им недостасува состојката за стари војни: идеологија и национализам[5]. Во одредени случаи, новите војни ја користат реториката на етнички, религиозни или племенски идентитети. Но, во вистинска смисла новите војни се взаемен напор на иновативни вештини на индустријата за оружје (Mutonyi 2020, 9002).“ Иако е многу тешко да се разберат средствата што некој ги користи за кои цели, долготрајните конфликти низ целиот свет и индустријата што ги поттикнуваат овие војни создаваат поинаква слика – слика многу блиска до концептот на војната како заемен потфат, а не како натпревар на волји.

Според Калдор, решението за новите војни лежи во реконструкција на легитимните (космополитски) политички заедници кои им веруваат на јавните авторитети, ја обновуваат контролата врз организираното насилство и го враќаат владеењето на правото. Станува збор за космополитско засилување на правото во вид на големи мировни операции, кои вклучуваат комбинација на воен, полициски и цивилен персонал.

---

[5]Недостатокот на национализам не е во согласност со случајот на војната во Босна и Херцеговина како пример за Нова војна.

**Нови војни или старо насилство – критики на концептот**

Ставовите на Калдор за новите војни се оспорувани со неколку критики: Прво, поголемиот дел од елементите што таа ги наведува не се нови (Newman, 2004). Така, на пример, насилството врз цивилите е особина на сите војни и нема докази што сугерираат привремено, квалитативно поместување во употребата на злосторството во 21 век. Се тврди дека Студената војна ја замаглила нашата способност да анализираме „мали војни" или „војни со низок интензитет", дека многу од карактеристиките на новите војни поврзани со слаби држави можат да се најдат во раниот современ период и дека феномените како бандитизам, масовно силување, присилно раселување на населението или злосторства против цивили имаат долга историја. Според некои критичари, се поставува прашањето дали може да се направи разлика помеѓу старо и ново, затоа што идејата за „Нови војни" што ја користи Калдор не е опис на нови конфликти како такви, туку опис на конфликтите во помалку управуваните земји (Utas 2012). Дафилд (Duffield) сугерира дека она што се смета за „ново" е безбедносниот терен кој е обликуван од, како што тој ги нарекува мрежни војни, кои се опишани како „ризоматски и антиинституционални по карактер" и кои обично може да се поврзат со промени во општествениот живот. Мрежните војни се гледаат како неизвесна и насилна форма на рефлексна модерност и каде што „војната како рефлексивно мрежно претпријатие не го следи традиционалниот државен модел на ескалација, застој и опаѓање".

Доминантните разбирања на овие конфликти што ја поткрепуваат политиката се од два вида.Од една страна, постои тенденција да се наметне стереотипна верзија на војната, извлечена од искуството од последните два века во Европа, во која војната се состои од конфликт меѓу две завојувани страни, генерално држави со легитимни интереси, она што може да го наречеме „Стари војни".Овој термин се однесува на стилизирана форма на војна, а не на сите претходни војни.Во ваквите војни, решението е или преговори или победа од едната страна, а надворешната интервенција е во форма на (1) традиционално одржување на мирот – во кое мировниците треба да гарантираат прифатен договор, а владејачките принципи се согласност, неутралност и непристрасност – или (2) традиционално војување од едната или другата страна, како во Кореја или Заливската војна. Од друга страна, таму каде што креаторите на политиките ги препознаваат недостатоците на стереотипното разбирање, постои тенденција овие војни да се третираат како анархија, варварство, историски соперништва, каде што најдобриот политички одговор е ограничување, т.е. заштита на границите на Западот од оваа болест. За парадигмата на нова војна меѓу општествата, вообичаено е да се создадат излезни услови", а не да се постигне конечно решение за „типична победа" (поточно станува збор за можноста за наметнување или диктирање услови по завршувањето на вооружениот конфликт) (Antczak 2018, 201). Новите војни се спротивност на тоталната

војна, „тие фреквентно се од локален карактер и често се спроведуваат од недржавни актери, но се контролирани од поголеми сили кои честопати спонзорираат изведувачи“ (Antzack 2018, 199).

Свен Чојнацки (Chojnacki) ја отфрла хипотезата дека „Новата војна“ во моментов е доминантна форма на насилство, бидејќи не ги зема предвид повеќето од конфликтите што се случуваат во моментов.Важен фактор на промена во современите научни истражувања на војните е прашањето за растечкиот ризик од воени интервенции насочени кон запирање на континуираното насилство во државите што пропаѓаат, тероризмот и воените злосторства.Според него, интервенциите како што се Босна, Косово и Авганистан станаа „истакната алатка на надворешната политика“ од крајот на Студената војна.Овие интервенции го обликуваат современиот меѓународен поредок и стануваат дел од типологијата на новите конфликти.[6] Меѓу видовите современи конфликти, забележливо е дека внатрешните војни се 8 пати побројни од војните меѓу државите.Покрај тоа, времетраењето на овие конфликти ги зголемува цивилните жртви (од 10 % во 1900 година на 80 – 90 % во 2000 година). Сепак, неоспорен факт за природата на современите конфликти, потврден од други истражувачи, е токму промената која се состои во зголемувањето на бројот на цивилни жртви во споредба со воените.

Во истата насока, Едвард Њумен пишува за важноста да бидат земени предвид историските примери пред да се дадат какви било изјави за квалитативни промени во последните војни. Тој сугерира дека многу добри поенти можат да се сретнат во школата за нови војни, вклучително и важноста на социјалната и економската динамика за војувањето, и дека постојат примери на модерни војни, како што е Босанската војна, кои одговараат на шаблонот на новите војни[7]. Сепак, тој тврди дека повеќето елементи на „новите војни“ всушност не се нови, туку постоеле барем во минатиот век. Според мислењето на Њумен, овие елементи повеќе или помалку се истакнати во различни времиња и места, и дека само зголемено се нагласуваат во последно време, со разлика дека сега е тоа што „академиците, политичките аналитичари и политичарите се фокусираат на овие фактори повеќе од порано“ и подобро ги разбираат и дека медиумите ја

[6]Притоа го запоставува фактот дека токму војната во Босна и Херцеговина е еден од примерите за Нови војни.

[7]Истовремено постојат и такви ставови за концептот на „нови војни“ кои за современи конфликти кои не се „нови војни“, односно иако се модерни, сепак се вклопуваат во дефиницијата на „стари војни“, ги наведуваат следниве војни: Втората суданска војна (1983 – 2005), Инвазијата на Ирак врз Кувајт (1990), Хрватската војна за независност (1991 – 1995), војната во Босна и Херцеговина (1992 – 1995), и Јеменската војна (од 2014). Основната компонента – причина за конфликти кај овие примери е национализмот, кој по дефиниција не е карактеристика на новите војни (Mutonyi 2020, 9003–9004).

зголемија јавната свест за реалноста и злосторствата на војната (Newman 2004, 186).

Уште една главна критика се однесува на ставот за глобализацијата како нов процес кој ја измени природата на војувањето во доцниот дваесетти век. Според Баркави (2006), глобализацијата не е нова појава како што вели Калдор, туку стар процес кој се однесува на циркулација, т.е. процес преку кој луѓето и местата стануваат меѓусебно поврзани. Баркави забележува дека војната историски е важна форма за поврзување меѓу општествата и во тој правец војувањето е глобализирачка сила веќе долго време. Во и низ војната луѓето на обете страни сѐ повеќе стануваат свесни едни за други, ја реконструираат сликата за себе и за другите, реагираат на туѓите потези. Да се војува значи да се поврзе со непријателот. Таквата врска наметнува социјални процеси и трансформации кои потпаѓаат под глобализацијата... Од воена и општествена перспектива, војната може да се смета за можност за интеракција, форма на циркулирање меѓу завојуваните страни. Во и низ војната се трансформираат општествата, додека општеството ја оформува војната (Barkawi 2006, 169). Војската и војната се места за културно мешање и хибридност. Војската, која патува низ култури, ги изложува војниците на странското влијание и ги води до преиспитување на сопствените идеи за сопствената татковина. Војниците што се враќаат од странство, пренесуваат нови идеи и практики во татковината... како и да се разбере глобализацијата – како економска глобализација, трансрегионално поврзување или свест за глобалното – војната и војската играат многу поважна улога отколку што посочуваат студиите за глобализацијата... Потребна е процена на начините на кои војната е централно имплицирана во процесот на глобализацијата (Barkawi 2006, 172). Вака сфатена глобализацијата не е разделена од војната, насочувајќи се да ја измени природата на војувањето како што тврди Калдор, туку војната е тесно поврзана со глобализацијата на светската политика веќе илјадници години.

Последната серија на критики на „нови војни“ се однесува на ставот дека новите војни се постклаузевицки. Причините што вообичаено се наведуваат за тврдењето дека новите војни се постклаузевицки се поврзани со тринитаријанската концепција за војната, за приматот на политиката и улогата на разумот. Критиката е насочена кон ставовите на Џон Киган (2004) и Мартин Ван Кревелд (1991) кои сугерираат дека тринитаријанската концепција за војната, со нејзиното трипартитно разликување на државата, армијата и народот, повеќе не е релевантна.Други автори сугерираат дека војната повеќе не е инструмент на политиката и, всушност, дека „разводот на војната од политиката“ е карактеристичен и за претклаузевицките и за постклаузевицките војни (Angstrom 2003, 8).Заедно со овие аргументи, критичарите ја доведоа во прашање и рационалноста на војната.Ван Кревелд, на пример, тврди дека е апсурдно да се мисли дека само затоа што некои луѓе ја поседуваат моќта, тие дејствуваат пресметано како

компјутери кои не се под влијание на страстите.Всушност, тие не се ништо порационални од нас останатите.

Севкупно, критиката вели дека теоретичарите на „новите војни“ ги темелат своите аргументи на нејасни генерализации и лабави претпоставки и, што е уште поважно, не прават разлика помеѓу природата и карактерот на војната, збунувајќи ги нивоата на анализа. Уште повеќе, тие јасно ја преувеличуваат улогата што ја игра политичката рационалност во Клаузевицовиот концепт на војната и го пропуштаат подлабокото значење на терминот политика (Jasiukėnaitė 2010, 32).

**Филозофска одбрана на концептот „нови војни“**

*Дали се нови „новите војни“?!*

Вклучувајќи се и спротивставувајќи се на различните критики што беа изнесени против терминот „ново“, се дава аргументот дека „новото“ во „новите војни“, треба да се сфати како истражувачка стратегија и водич за политика. Бидејќи „старото“ е вградено во концептот на „ново“, терминот ни овозможува да се справиме со севкупната логика што е својствена на современите насилни конфликти и што ги прави различни по вид од „старите војни“. Тоа е логика што оди подалеку од специфичните компоненти на современите конфликти – на пример, политиката на идентитет или економскиот грабеж. Наместо тоа, тој обезбедува интегративна рамка за анализа.

Според одбраната на Калдор, многу од критичарите користат редукционистички аргументи каде што новите војни се поврзани со одреден аспект на современите војни, на пример, криминал или приватизација или бруталност, и не ја земаат предвид севкупната концептуална рамка што ги поврзува актерите, целите, методите и формите на финансии.

Сепак, може да се тврди дека постојат некои навистина нови елементи во современите конфликти.Всушност, би било чудно ако ги нема. Главните нови елементи имаат врска со глобализацијата и технологијата. Како прво, зголемувањето на деструктивноста и прецизноста на сите форми на воена технологија ја направи симетричната војна – војна меѓу слично вооружени противници – сè подеструктивна и затоа тешка за извојување.[8]Оттука, тактиките во новите војни нужно мора да се справат со оваа реалност.

Некои од критичарите ја промашуваат поентата за логиката на новите војни со тоа што истакнуваат дека политиката на идентитетот е исто

[8]Случајот со војната меѓу Русија и Украина е најновиот пример за симетрична војна – војна, во која и по три години војување и загуба на војници изразена во милиони е речиси без политички резултат.

така и за идеи (политика на идеологија).На некој начин, тоа е точно исто како што идеолошките конфликти можат да се сведат на идентитет – комунистички или фашистички идентитет, наспроти етнички или племенски идентитет, на пример.Но, поентата на правењето на оваа разлика е да се осветлат различните политички логики, начинот на кој политиката на идентитетот е поврзана со различни практики, различни методи на војување и различни начини на поврзување со авторитетот.Политиката на идентитетот е за правото на моќ во име на одредена група;идеолошката политика е за освојување моќ со цел да се спроведе одредена идеолошка програма.Ова помага да се објаснат воените тактики – раселувањето на населението како метод за вршење политичка контрола – или опстојувањето на нови војни, бидејќи стравот е неопходна долгорочна состојка на политиката на идентитетот.Критичарите се чини дека имплицираат дека терминот „политика на идентитетот“ сугерира дека политиката е маска, која е инструментализирана од економски причини;секако, новите војни се за политика – затоа се војни – и секако идентитетот е конструиран, но такви се и сите други форми на идеологија.Поентата што ја прави одбраната на концептот е дека разликата помеѓу политиката на идентитетот и идеологијата (демократија или социјализам) и геополитичкиот интерес имплицира различен сет на политички практики и различна методологија на војната.

Некои критичари признаваат дека постои нешто како нови војни. Но, тоа не значи дека „старите војни“ исчезнале.Особено по војните во Ирак и Авганистан, некои научници и креатори на политики предупредуваат да се очекува дека идните војни ќе изгледаат како Ирак и Авганистан.Сите идните војни нема да бидат како Ирак и Авганистан, бидејќи овие војни беа влошени од надворешни воени интервенции.Но, ниту пак, е веројатно дека идните војни ќе изгледаат како војните од дваесеттиот век.Секако, не може да се исклучи враќањето на старите војни. Повторно, типичен јасен пример за последнава констатација е војната во Украина.[9]Можно е да се замисли континуирано конкурентно вооружување од страна на државите, растечки меѓудржавни тензии и тенденција да се заборави страдањето на претходните генерации.Но, неуспехот да се справиме со „новите војни“ од сегашноста може да ја направи таа можност поверодостојна.Реконструкцијата на милитаризираните држави преку надворешни војни може да се смета за начин за повторно воспоставување на монополот на насилството на национално ниво.Според Јохн Кееган, „големото дело на разоружување на племиња, секти, воени водачи и криминалци – главно достигнување на монарсите во 17 век и империите во 19 век – се заканува дека ќе треба да се прави сè одново“ (Mueller 2004, 172).Во сегашната економска криза, каде што државите ги намалуваат буџетите за одбрана, постои тенденција да се заштити она што се смета за основна одбранбена задача – подготовка за

[9]Тековно, 2025 година.

„стара војна" – и да се намали новонастанатиот капацитет за придонес во напорите за спроведување на глобалниот мир.

***Дали се војни „новите војни"?!***

Некои критики укажуваат дека современото насилство е главно приватизирано и/или криминално и затоа не може правилно да се опише како војна. Новите војни може да се опишат како мешавина од војна (организирано насилство за политички цели), криминал (организирано насилство за приватни цели) и кршење на човековите права (насилство врз цивили). Предноста на тоа што не се користи терминот „војна" е што сите форми на современо насилство можат да се сметаат за целосно нелегитимни, барајќи полициски, а не политички/воен одговор.Покрај тоа, голем дел од современото насилство – како што се војните против нарко картелите во Мексико или бандитските војни во големите градови – се чини дека имаат слична логика како новите војни, но мора да се класифицираат како криминални судири.Истиот вид аргумент е користен во однос на тероризмот. Има широко распространети критики за терминот „војна против теророт" бидејќи подразбира воен одговор на терористичкото насилство кога се тврди дека полициските и разузнавачките методи би биле поефикасни (Howard 2002).

Од друга страна, политичкиот елемент мора да се сфати сериозно.Војната подразбира организирано насилство во служба на политички цели на два начина. Од една страна, артикулирањето на космополитска политика како алтернатива на ексклузивистичкиот идентитет е единствениот начин да се воспостават легитимни институции кои можат да обезбедат вид ефикасно управување и безбедност што се предлага како решение. На другата страна, политизирањето е начинот на кој се легитимизира криминалната активност како форма на војна.Бомбашите самоубијци во нивните збогумски видеа се опишуваат себеси како војници, а не како убијци.Дури и ако е случај, а често е, оние кои го врамуваат насилството во етнички, религиозни или идеолошки термини тие се чисто инструментални, овие политички наративи се интернационализираат преку процесот на вклучување или страдање од насилство.Всушност, ова е поентата на насилството;можно е да се добијат избори или да се мобилизира политичка поддршка само преку политиката на страв.Надминувањето на стравот и непријателството не мора нужно да се постигне преку компромис, дури и ако тоа е можно, бидејќи компромисот може да ги зацврсти ексклузивистичките позиции;туку бара поинаков вид политика, изградба на заеднички дискурс што мора да биде основа на секој правен одговор.

***Полемика околу податоците***

Застапниците на концептот за нови војни врз основа на квалитативно истражување на војните во поранешна Југославија, Јужен Кафказ и Супсахарска Африка, ги поткрепуваат аргументите дека одлучните битки стануваат ретки и дека поголемиот дел од насилството е насочено против цивили.Едниот аргумент се однесуваше на драматичното зголемување на соодносот на цивилни и воени жртви, а другиот се однесуваше на зголемувањето на бројот на раселени лица по конфликт.Други податоци што би можеле да бидат релевантни се однесуваат на повторувањето и/или опстојувањето на современите конфликти, како и тенденцијата за нивно ширење.

Се чини дека има пад на „старите војни", што во голема мера е она што базите на податоци го презентираат.Исто така, постои пад на бројот на убиени во битките, што е во согласност со аргументот за падот на битките.И се чини дека има докази за аргументот дека новите војни тешко се завршуваат и тие имаат тенденција да се шират ако претпоставиме дека податоците откриваат некои елементи на „нова војна".

Што ни кажуваат податоците за жртвите?Прво, податоците укажуваат на целокупен пад на сите смртни случаи поврзани со војната.Една од погрешно применетите критики што се упатени кон тезата за новите војни е тоа дека научниците за новите војни тврдат дека злосторствата во новите војни се полоши отколку во претходните војни.Единственото тврдење што го прави тезата за новите војни е дека поголемиот дел од насилството во новите војни се состои од насилство врз цивили, а не од борба – би било неумесно да се тврди дека насилството врз цивилите е полошо од модернистичките злосторства засновани на државата како што се холокаустот или советските чистки.Второ, има драматичен пад на смртните случаи во битките.Ако ги спoредиме сите смртни случаи поврзани со војната со смртните случаи во битките, а не со цивилните и воените жртви, тогаш е можно да се тврди дека односот се зголемил на скала соодветна на оригиналното тврдење за „новите војни" (Lacina & Gleditsch 2005).Трето, жртвите меѓу редовните војници се многу мал дел од вкупните смртни случаи во војните, и затоа што има помалку редовни војници кои учествуваат во војните и поради падот на битките.

Во однос на бројот на насилно раселени лица, никој не оспорува дека тој вкупен број се зголемил.Но, критичарите сугерираат дека овие бројки треба да се квалификуваат од два аспекта.Прво, собирањето податоци е значително подобрено, особено во однос на внатрешно раселените лица.Второ, податоците за бегалците и внатрешно раселените лица имаат тенденција да бидат кумулативни, бидејќи многу луѓе не се враќаат во своите домови.

Сепак, неодамнешните конфликти – особено во Ирак, Сомалија и Пакистан – се чини дека го потврдуваат тврдењето дека присилното ра-

селување е централна методологија на новите војни.На пример, во Ирак, околу 4 милиони луѓе беа раселени во врвот на војната во 2006 – 2008 година;приближно половина беа бегалци, а половина беа внатрешно раселени. Всушност, може да се тврди дека една од причините за пониските нивоа на смртни случаи во војна е тоа што е полесно да се шири страв и паника со користење нови комуникации, така што повеќе луѓе ги напуштаат своите домови отколку порано.Во исто време, се чини дека постои тренд кон зголемување на раселувањето по конфликт.Користејќи ги податоците на Американскиот совет за бегалци, Мирон Вајнер (1996) пресмета дека бројот на бегалци и внатрешно раселени лица по конфликт се зголемил од 327.000 по конфликт во 1969 година на 1.316.000 во 1992 година (1992 година, се разбира, беше година на врв за конфликт).

*Дали глобализацијата ги изнедри новите војни!?*

Во однос на контекстот на глобализацијата, јасно е дека процесот на глобализација го поврза светот, меѓутоа, во исто време тој процес резултираше во исклучување и отуѓување, што води до појава на глобална класа заснована врз можноста за соработка во овој процес (Калдор 2001, 4).Покрај тоа, забрзувањето на процесот на глобализација, особено напредната комуникација и транспортот, е многу веројатно да доведе до брзо поврзување на различни заедници и поддржувачи веднаш.Оттука, многу е веројатно дека глобализацијата може да предизвика организирано насилство.

Со цел ефикасно да се разговара за тоа како е веројатно дека глобализацијата донесе период на нова војна, прво е неопходно да се разбере смената на логиката на организираното насилство од претходната ера во ерата на глобализацијата. Според класичниот термин на војна, таа е војна меѓу државите и спроведена од државите, во обид да се постигнат државните интереси за совладување на непријателот на државата и стекнување негова територија преку употреба на национални сили. Од друга страна, денешните конфликти, според теориите на нови војни, во целина, се обидуваат да бидат дел од отворениот свет во кој контекстите на современата политика и економијата се под влијание на процесот на глобализација, што доведува до ерозија на државните авторитети испровоцирани од индивидуални или групни интереси и алчност (Malantowicz 2010, 159). Понатаму, брзото напредување на комуникациите и технологијата како дел од процесот на глобализација е тесно поврзано со порастот на идентитетската политика во ситуацијата што, во најлош случај, би можело да доведе до форма на насилно етничко чистење кое е насочено против цивилното население заради неговиот идентитет (Kaldor 2001, 78).

Во одбрана на ставот за глобализацијата и новите војни, иако можеби е случај, како што тврдат теоретичарите на глобализацијата, глобализацијата не довела до пропаст на државата, туку до нејзина трансформација,

важно е да се разграничат различните начини на кои државите се менуваат.Можеби најважниот аспект на трансформацијата на државата е променливата улога на државата во однос на организираното насилство.Од една страна, монополот на насилството еродира одозгора, бидејќи некои држави се сè повеќе вградени во збир на меѓународни правила и институции.Од друга страна, монополот на насилството еродира одоздола, бидејќи другите држави стануваат послаби под влијание на глобализацијата. Може да се тврди дека постои голема разлика помеѓу видот на приватизирани војни што го карактеризираа предмодерниот период и „новите војни" што доаѓаат по модерниот период и се однесуваат на дезинтеграција.

*Дебатата „пост-Клаузевиц"*

Аргументите против Клаузевиц се прилично незначајни, и сите можат да бидат побиени.Хју Страхан (2007) истакнува дека тројството се однесува на „тенденции" или мотивации, а не на емпириски категории. Поентата на концептот е да објасни како сложена општествена организација, составена од многу различни поединци со многу различни мотивации, може да стане, според неговите зборови, „персонализирана држава" – „страна" во војната.„Војната, вели Клаузевиц, затоа не е само камелеонска по карактер, бидејќи ја менува бојата во одреден степен во секој конкретен случај, туку е, исто така, како целина, во однос на преовладувачките тенденции што се во неа, прекрасно тројство, составено од оригиналното насилство на нејзините елементи, омразата и непријателството, што може да се гледа како слеп инстинкт; играта на веројатностите и случајноста, што ја прави слободна активност на душата; и од подредената природа на политички инструмент, со што припаѓа на чистиот разум.Овие различни „тенденции" – разум, случајност и емоција – главно се поврзани со државата, генералите и народот, соодветно, но зборот „главно" или „повеќе" сугерира дека тие не се исклучиво поврзани со овие различни компоненти или нивоа на војување. Клаузевиц тврди дека војната е она што го обединува тројството.Тројството било „чудесно" бидејќи овозможило здружување на народот и модерната држава.Очигледно, разликата помеѓу државата, војската и народот е нејасна во повеќето нови војни. Но, ако размислуваме за тројството како концепт за објаснување како различните социјални и етички тенденции се обединети во војната, тогаш тоа е очигледно многу релевантно.

Новите војни се водат и за политички цели и, всушност, самата војна може да се смета за форма на политика.Политичкиот наратив на завојуваните страни е она што ги држи заедно дисперзираните лабави мрежи на паравоени групи, редовни сили, криминалци, платеници и фанатици, кои претставуваат широк спектар на тенденции – економски и/или криминален личен интерес, љубов кон авантура, лични или семејни одмазди, па дури и само фасцинација со насилство.Тоа е она што дава дозвола за овие

различни тенденции.Освен тоа, овие политички наративи често се конструираат преку војна. Како што Клаузевиц опишува како патриотизмот се разгорува преку војна, така и овие идентитети се создаваат преку страв и омраза, преку поларизација на нас и нив.Со други зборови, самата војна е форма на политичка мобилизација, начин на зближување, на спојување на различните елементи што се организирани за војна.

Спротивно на ваквите критики, во одбраната на ставот за пост-Клаузевиц, во согласност со дефиницијата на војната како „чин на насилство во кој се вклучени две или повеќе организирани групи, политички врамени", војната може да биде или „натпревар на волји", како што е имплицирано во дефиницијата на Клаузевиц, или може да биде „заемен потфат". „Новите војни" имаат тенденција да бидат заеднички потфати, а не натпревар на волји.Внатрешната тенденција на ваквите војни не е војна без ограничувања, туку војна без крај.Војните, дефинирани на овој начин, создаваат заеднички самоодржлив интерес во војната за репродукција на политичкиот идентитет и за унапредување на економските интереси.

Севкупно, дискурсот за „нови војни" останува само пример за тренд за криминализирање на војната, преку нејзино ставање во поле на отворена морална осуда.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Antczak, Anna. (2018). 'New' and 'old' wars – the changing dimensions of warfare. University of Finance and Management. Warsaw. https://www.academia.edu/48126732/_New_and_old_wars_the_changing_dimensions_of_warfare
- Angstrom, Jan. (2003). „Introduction". In: Angstrom, J et al *The Nature of Modern War: Clausewitz and his Critics Revisited*. Stockholm: Department of War Studies, Swedish National Defence College.
- Dirk Moses and Lasse Heerten. (2018). Postcolonial Conflict and the Question of Genocide: The Nigeria-Biafra War, 1967–1970. Routlege.
- Duffield, Mark. (2001). Global Governance and the New wars. London. Zed Books.
- Hagstrom, Jacob. (2025). Asymetric Warfare. Politics and Cultures of Violence in the Modern Era. Cambridge. Cambridge University Press.
- Howard, Michael. (2002). What's in a name? *Foreign Affairs*, January/February 2002.
- Jasiukėnaitė, Berta. (2010). „The Conception of the "New Wars":a Question of Validity". *Institute of International Relations and Political Science of the University of Vilnius. file:///C:/Users/User/Downloads/lasr-9-2-lasr0902025-1.pdf*
- Kaldor, Mary. (1997). 'Introduction' in M. Kaldor and B. Vashee (eds), Restructuring the Global Military Sector: Volume I: New Wars. London: Pinter, pp. 3–33.
- Kardor, Mary. (2001). New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era (Edition), Cambridge: Polity Press.
- Kardor, Mary. (2012). New and Old Wars: Organized Violence in a Global Era (Third edition). Cambridge: Polity Press.
- Keen, David. (2012). *Useful enemies: When waging war is more important than winning them*. New Haven. Yale University Press.
- Keegan, A. John. (2004). *History of warfare*. London. Pimlico.
- *Lacina, Bethany Ann; & Nils Petter Gleditsch*. (2005). Monitoring trends in global combat: A new dataset of battle deaths. *European Journal of Population* 21: 145–166. DOI: http://dx.doi.org/10.1007/s10680-005-6851-6.
- Malantowicz, Artur. (2010). Do'New Wars' Theories Contribute to Our Understanding of The African Conflicts? Cases of Rwanda And Darfur. *AfricanaBulletin*, pp: 159–172.
- Mueller, John. (2004). *The remnants of war*. Ithica. Cornell University Press.

- Mutonyi, P. Gerald. (2020). "From Old Wars to New Wars". Path of Science, Vol 6, No 6. Kenyatta University. Nairobi.
- Newman, Edward (2004). "The 'New Wars' Debate: A Historical Perspective Is Needed". Security dialoque. **35** (2): 173–189.
- Roberts, Adam. (2010). Lives and statistics: Are 90% of war victims civilians?. *Survival* 52, 3: 115–136.
- Strachan, Huw. (2007). *Carl Von Clausewitz's 'On war': A book that shook the world*. London. Atlantic Books.
- Utas, Mats. (2012) "Introduction: Bigmanity and network governance in Africa", ed.African Conflicts and informal power: big men and networks. London: Zed books. Pp. 1–34.
- Ван Кревелд, Мартин. (2009). Трансформација на војната. Скопје. Табернакул.